# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021

# ОСВРТ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ИЗБРАНИТЕ НОСИТЕЛИ ОД РОДОВ АСПЕКТ

НОЕМВРИ, 2021

РЕАКТОР
истражување во акција



# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021
# ОСВРТ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ИЗБРАНИТЕ НОСИТЕЛИ ОД РОДОВ АСПЕКТ

## НОЕМВРИ 2021

**Издавач:**
Реактор – Истражување во акција
**За издавачот:**
Тања Иванова

## Авторство

**Автор:**
Неда Петковска
**Рецензенти:**
Блажен Малески
Ирина Јолевска

## Услови на користење

© 2021. Овој извештај е лиценциран под CC BY-NC-SA 4.0 license

**Бесплатен/некомерцијален примерок**

KVINNA KVINNA Овој материјал е изготвен со финансиска поддршка од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) и Фондацијата Квина тил Квина. За содржината на овој документ целосно е одговорен Реактор – Истражување во акција и во никој случај не ги рефлектира позициите на Sida и Квина тил Квина

# СОДРЖИНА

ВОВЕД .... 5
ИЗБОРЕН СИСТЕМ .... 6
ИЗБОРНИ ЛИСТИ .... 7
Потврдени листи на кандидатки за градоначалнички по општини .... 7
Партии кои номинирале жени за градоначалнички во однос на вкупниот број листи за градоначалници кои ги поднеле .... 11
РЕЗУЛТАТИ .... 12
Приказ на бројот на избрани градоначалници по род .... 13
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА .... 14
ПРЕПОРАКИ .... 16
За Законодавната власт .... 16
За Извршната власт .... 16
За политичките партии .... 16
За граѓанскиот сектор .... 17

# ВОВЕД

Вклучувањето на жените во политиката е клучно и за унапредување на родовата еднаквост во општеството. Иако жените не се хомогена група, вклучени во процесите на креирање политики и носење одлуки, тие ги земаат предвид секојдневните предизвици со кои се соочуваат жените, мажите и другите категории, во системот кој традиционално ја земал предвид и вклучувал само машката перспектива. Искуствата покажуваат позитивна корелација меѓу политичкото учество на жените и креирањето и носењето политики кои ставаат акцент на квалитетот на животот и ги рефлектираат приоритетите на жените, маргинализираните лица, малцинствата и сите останати групи чии потреби се недоволно застапени во главниот политички дискурс.[1]

Улогата на политичките партии е клучна за ваквата вклученост на жените во политиката. Податоците укажуваат на силна, речиси линеарна, корелација помеѓу бројот на кандидати и бројот на избрани жени. Тука улогата на политичките партии е пресудна и начинот на кој политичките партии ги ставаат кандидатите на добитните места, или ги дистрибуираат на листата игра значајна улога во досегашниот ограничен успех при изборот на жени од понудените кандидат(к)и.[2]

Досегашното искуство покажува дека бројот на жените кандидирани и избрани на локалните избори бил секогаш низок, особено за градоначалнички, кога се случувало да нема воопшто избрани или пак кандидирани жени. Податоците покажуваат дека од 1996 година, кога за прв пат се одржале локални избори, па се до 2021 година, биле избрани вкупно 660 градоначалници. Од нив само 18 жени градоначалнички и 642 мажи градоначалници.[3] Пред да се воведат закононските квоти од 40% за застапеност на изборните листи на припадниците од помалку застапениот пол за Советите на општините и Град Скопје, ситуацијата со застапеноста и на кандидатките и избрани за советнички беше слична.[4]

Анализата од родов аспект на кандидатските листи за градоначалници и резултатите од редовните локални избори на РСМ во 2021 година дава преглед на структурата и застапеноста на жените и мажите на кандидатските листи поднесени од партиите или граѓаните, а потврдени од Државната изборна комисија, од една страна, и структурата на избраните носители на

---

1 Неда Коруновска и др. (2015) Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво. Достапно на: https://bit.ly/3D36Xap

2 Реактор. (2020) Родов информатор за политичарки. Достапно на: https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Reaktor-rodov-informator-MK-za-WEB.pdf

3 Центар за истражување и креирање на политики. (2021) „Каде се жените градоначалнички“ (инфографик). Достапно на: https://bit.ly/3GJyC2Z

4 Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија. (2019) Политичко учество на жените во Северна Македонија. (18) Достапно на: https://www.wfd.org/wp-content/uploads/2020/02/WPP-WFD-MK.pdf

функција по завршувањето на изборите, од друга страна. Притоа, оваа анализа става пред сè акцент на позицијата на жените кандидатки и избрани градоначалнички, имајќи ја предвид особено неповолната положба на жените кога станува збор за изборот на градоначалнички на општините.[5]

Целта на оваа анализа е да се утврди дали и до кој степен заложбите и ветувањата на партиите[6] ги препознаваат предизвиците во поглед на политичкото учество на жените, како и генерално родовата нееднаквост во земјата, и имаат потенцијал за промени кои водат кон унапредување на застапеноста и статусот на жените во јавниот дискурс, а со тоа и на родовата еднаквост во државата.

# ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Локалните избори се одржуваат секои четири години за да се изберат советите и градоначалниците на 80 општини/единици на локална самоуправа и Градот Скопје како посебна административна единица. Советите се избираат преку пропорционален систем со затворени листи без утврден изборен праг. Градоначалниците се бираат со мнозински систем во два круга. Ако ниту еден од кандидатите не освои апсолутно мнозинство од гласовите во првиот круг, по две седмици се организира втор круг, меѓу двајцата кандидати со најмногу гласови. Барем една третина од регистрираните гласачи мора да излезат на изборите за градоначалник за да бидат валидни во првиот круг; инаку изборите мора да се повторат. Повторените избори се одржуваат согласно истиот услов за излезност, што може да резултира со циклус на повторени избори. Условот за излезност не се однесува на можниот втор круг и на изборите за совети.[7]

Во однос на родовата еднаквост и квоти за застапеност, Изборниот законик на Северна Македонија предвидува квоти само за изборните листи за Парламентарните избори и советничките места за општините, и тоа 40% од кандидатските листи за Парламентот и членовите на Советите на општината и Град Скопје треба да припаѓаат на помалку застапениот пол, следејќи ја шемата секое трето место да биде резервирано за помалку застапениот пол и барем едно дополнително

5 Имено, кандидатските листи за градоначалници се меѓу ретките кои не се законски регулирани кога станува збор за нивно поднесување со услов на исполнување квоти за вклучување на помалку застапениот пол.
6 Притоа ова се однесува на ветувања и заложби на партиите во континуитет, а не само на актуелните избори на локално ниво.
7 ODIHR Election Observation Mission, Republic of North Macedonia – local elections, 17 October 2021. Statement of preliminary findings and conclusions preliminary conclusions. Available on: https://www.osce.org/files/f/documents/e/0/501259_1.pdf

место на секои десет места.[8] Квоти за изборните листи за градоначалници не се законски регулирани и предвидени.

# ИЗБОРНИ ЛИСТИ

На редовните локални избори во Република Северна Македонија, за 2021 година на изборните листи за градоначалнички се најдоа 25 жени и тоа распределени во само 17 општини од вкупно 80 општини и една посебна административна единица (Град Скопје).[9]

## ПОТВРДЕНИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТКИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ ПО ОПШТИНИ

| Реден број | Општина | Партија/Коалиција |
|---|---|---|
| 1. | АЕРОДРОМ | Движење одлучно за промени |
| 2. | АЕРОДРОМ | Левица |
| 3. | АРАЧИНОВО | СДСМ |
| 4. | БЕРОВО | ВМРО |
| 5. | ГАЗИ БАБА | ТМРО |
| 6. | ГОСТИВАР | ДПА |
| 7. | ГРАД СКОПЈЕ | Независни |
| 8. | ГРАД СКОПЈЕ | Независни |
| 9. | ЗЕЛЕНИКОВО | Движење одлучно за промени |
| 10. | КИСЕЛА ВОДА | Движење одлучно за промени |
| 11. | КИСЕЛА ВОДА | Левица |
| 12. | КИСЕЛА ВОДА | ТМРО |
| 13. | КРУШЕВО | ВМРО |
| 14. | КУМАНОВО | Движење одлучно за промени |

8 „Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21.

9 Овие податоци и сите следни кои не се референцирани, се преземени од официјалните дата-бази на Државната изборна комисија. Достапни на: https://candidatelist.sec.mk/Dashboard

| Реден број | Општина | Партија/Коалиција |
|---|---|---|
| 15. | МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | СДСМ |
| 16. | МОГИЛА | СДСМ |
| 17. | МОГИЛА | Македонска ера трета / македонски независни листи |
| 18. | ПЕТРОВЕЦ | СДСМ |
| 19. | РЕСЕН | Македонска ера трета / македонски независни листи |
| 20. | РЕСЕН | Движење одлучно за промени |
| 21. | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | СДСМ |
| 22. | ТЕТОВО | ИНТЕГРА |
| 23. | ТЕТОВО | ДУИ |
| 24. | ЦЕНТАР | ВМРО |
| 25. | ЦЕНТАР | Родина Македонија |

Од коалициите, најмногу кандидирани градоначалнички во однос на бројот на поднесени листи имаше коалицијата Движење одлучно за промени, составена од партиите Демократска обнова на Македонија (ДОМ – Зелена партија) и Либерално Демократската Партија (ЛДП). На нивните поднесени листи за градоначалници се најдоа 5 жени и 13 мажи, односно нецели 28% од вкупниот број на кандидат(к)и. Кандидатките беа номинирани за скопските општини Аеродром, Зелениково и Кисела Вода, како и за градовите Куманово и Ресен. Иако во споредба со останатите големи партии и коалиции, оваа коалиција имаше најмногу кандидирани жени во однос на бројот на поднесени листи, сепак застапеноста на жените беше значително помала од предизборните парламентарни кампања и програма на една од партиите – Зелената партија (ДОМ). Имено, ДОМ во својата програма 2020-2024 предвидува(ше) измени на Изборниот закон со воведување на квота за најмалку 50% жени на избирачките листи за парламентарни и локални избори и квота за најмалку 50% жени кандидатки за градоначалници, воведување квота за најмалку 50% жени министерки во Владата, воведување квота за најмалку 50% жени во управни и надзорни одбори, комисии и тела во надлежност на централната и локалната власт, како и воведување квота за најмалку 50% (50+%) жени во органите на партијата.[10] ДОМ е единствената партија која експлицитно се залагаше за целосен паритет на носителки на кандидатски листи за градоначалници, но, може да се заклучи дека за овие избори партијата не се држеше до своите партиски политики и јавни заложби.

10 Програма на ДОМ 2020-2024 – „Иднината е Зелена". (2020) Достапно на: https://dom.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/brosura.pdf

Коалицијата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) – Најдоброто за мојата општина[11], гледано во апсолутни бројки имаше поеднаков број кандидатки за градоначалници како и коалицијата Движење одлучно за промени, односно пет. Сепак, гледано процентуално, во однос на бројот на поднесени листи, жените беа застапени со само 7,25% од вкупно 69 поднесени листи. Дел од предизборните заложби на СДСМ во 2020 година беа постигнување родова еднаквост, сузбивање на родовите стереотипи и елиминирање на родово-базираното насилство, а родовата еднаквост да се вклучи како неизоставен принцип во креирањето на политиките во земјата.[12] Иако програмските ветувања не вклучуваа експлицитна заложба за родова еднаквост на изборите за градоначалници, партијата како составен дел на моменталната Влада, јавно и континуирано се залага за родова еднаквост во сите сфери, усвојувајќи стратешки документи и законски одредби што треба да ја унапредат родовата еднаквост во државата. Ваквите контрадикторни одлуки укажуваат на пропуст да се владее по пример и ја поткопуваат суштината на заложбите за родова еднаквост, претворајќи ја истата само во декларативна и симболична идеологија.

Главната опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ[13] како предводник на својата коалиција Обнова на Македонија[14] номинираше 3 кандидатки за градоначалници од вкупно 63 поднесени листи. Односно, само 4,7% жени кандидирани за градоначалници и тоа за општините Центар, Берово и Крушево. Истовремено, ВМРО-ДПМНЕ ја поддржа независната кандидатка за градоначалник на Град Скопје, што би можело да се вброи на кратката листа на кандидатки за градоначалнички. Иако опозицијата генерално има конзервативни ставови за родовата еднаквост во државата, и оваа партија со својата коалиција во предизборниот период во 2020 година се залагаше за родова еднаквост и тоа пред сѐ за жени на функции во извршната власт.[15] Всушност заложбите за истата област беа идентични како и оние на владејачката партија. Сепак, ниту оваа партија не направи отстапка од правилото да се кандидираат што помалку жени за лидерските позиции на локално ниво.

---

11 Коалиција СДСМ - «НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА « - СДСМ, Нова Социјалдемократска партија - НСДП, Демократски сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ - ПП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Демократски сојуз - ДС, Политичка партија Достоинство - ППД, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија за општествен и економски напредок - ПОЕН, Партија за Европска Иднина - ПЕИ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Обединети за Македонија - ОМ, Сојуз на Ромите од Македонија, Странка на демократска акција на Македонија, Партија за демократски просперитет на Ромите - ПДПР, Нова Алтернатива - НА, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ПЦЕР од РСМ, Демократска Партија на Турците на Македонија - ДПТ, Обединета Партија за еднаквост на Ромите – ОПЕР.

12 СДСМ. Програма за активност 2021-2024. (2020). Достапно на: https://bit.ly/3igEWCH

13 Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)

14 ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ (ВМРО - Демократска партија за македонско национало единство, Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ, ГЛАС за Македонија, Движење на национално единство на Турците, Демократска Партија на Србите во Македонија, Демократска Партија на Ромите, Демократски сили на Ромите, Македонска акција (МААК), Нова Либерална Партија, Партија на Власите од Македонија, Партија на обединети демократи на Македонија, Роми Обединети од Македонија, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Социјалистичка Партија на Македонија, Српска напредна странка, Комунистичка партија на Македонија - Титови сили, Народна партија на Ромите, предводена од ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национало единство).

15 Програма на ВМРО-ДПМНЕ 2020-2024. (2020) Проект обнова. Достапно на: https://bit.ly/2CVFFsV

Останатите партии кои воопшто имаа номинирани жени за градоначалнички беа Левица со две кандидатки, Трајно Македонско радикално обединување (ТМОРО) со две кандидатки, Македонска ера трета со две кандидатки, Демократска партија на Албанците (ДПА) со една кандидатка, Демократска унија за интеграција (ДУИ) со една кандидатка, Интегра со една кандидатка, Родина Македонија со една кандидатка и две независни кандидатки, од која една е поддржана од главната опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ. Од овие партии, ко-владејачката партија ДУИ ја има номинирано својата кандидатка за значително поголема општина/град - Тетово[16] и каде шансите за добитна позиција беа релативно големи. Сепак во однос на вкупниот број на кандидирани градоначалници, ДУИ ги претстави жените со околу 5% од вкупниот број на своите кандидати.

Од друга страна, во однос на бројот на поднесени кандидатски листи, процентуално Левица имаше 25% застапеност на жените. Понатаму, Македонска ера трета/македонски независни листи имаше 28,5% жени, ТМОРО 22% и Родина Македонија нешто повеќе од 33% жени од вкупниот број на своите кандидати за градоначалници. Интересно е што помалите партии запазиле поголема процентуална застапеност на жените за градоначалнички позиции. Ова до одреден степен потврдува препознавање на митот за политичкиот „страв" дека доколку жените се кандидираат за функција тие нема да бидат избрани само поради тоа што се жени. Спротивно на овој мит, истражувањата покажуваат дека кај избирачкото тело нема предрасуди против жените кандидати и дека постојат уверливи докази дека кога жените се кандидираат за избори, тие имаат подеднакви шанси да бидат избрани како и мажите.[17] Сепак, овие партии не се препознаени по нивните заложби за родова еднаквост, а дел од нив се и радикално десничарски партии[18], што пак упатува на фактот дека иако бројот на кандидирани жени е особено битен за унапредување на родовата еднаквост, репрезентативноста мора да биде придружена со суштинските заложби за трансформација. Ниту една друга партија или коалиција, од вкупно 299 партии, односно 25 партии и коалиции, не кандидираше жена за градоначалник за која било општина во Северна Македонија.

---

16 Според бројот на жители, Тетово е петти град по големина во државата.

17 Неда Коруновска и др. (2015) „Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија". Скопје: Реактор- истражување во акција. Достапно на: https://bit.ly/3D36Xap

18 Родина Македонија и ТМОРО. За повеќе види: https://rodina.org.mk/ и https://bit.ly/3CpmQIo

## ПАРТИИ КОИ НОМИНИРАЛЕ ЖЕНИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ ВО ОДНОС НА ВКУПНИОТ БРОЈ ЛИСТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ КОИ ГИ ПОДНЕЛЕ



# РЕЗУЛТАТИ

Ограничениот број на жени кандидати е причина за помалата застапеност на жените во политиката, а не недостатокот на поддршка од гласачите. Податоци од Државната изборна комисија во Северна Македонија објавени во истражување на Реактор во 2015 година, исто така покажуваат силна (скоро линеарна) корелација меѓу бројот на кандидати и бројот на избрани жени.[19]

Овие наоди се потврдуваат и на овие локални избори. Имено, во првиот круг од изборите кои се одржа на 17 октомври 2021 година, се избраа 34 градоначалници.[20] Ниту една градоначалничка. Тука улогата на политичките партии е суштинска и начинот на кој политичките партии ги определуваат кандидатите за местата каде имаат поголеми или помали шанси да победат има значајна улога во ограничениот успех во изборот на повеќе жени од достапните кандидати.[21] Речиси сите партии кандидираа жени за оние општини каде шансите за победа на таа партија беа мали согласно претходните искуства и познавање на политичкиот контекст.

Во вториот круг кој се одржа на 31 октомври 2021 се гласаше во 44 општини и посебната единица на локална самоуправа – Град Скопје. Шансите на жените за избор за градоначалник веќе беа преполовени. Според податоците[22], од општините каде се прегласуваше за градоначалници, само 6 жени останаа во трката и тоа за Град Скопје (кандидатката поддржана од ВМРО-ДПМНЕ), Арачиново (СДСМ), Македонска Каменица (СДСМ), Старо Нагоричане (СДСМ), Тетово (ДУИ) и Центар (ВМРО). Од овие, конечно беа избрани само две жени градоначалнички и тоа на Град Скопје и руралната општина Старо Нагоричане, односно само 2,5% жени од вкупниот број избрани градоначалници.

За првпат од осамостојувањето на Северна Македонија беше избрана жена градоначалник на Град Скопје. Сепак, конечните резултати се поразителни како и за застапеноста на жените на локалните избори и на позицијата градоначалник, така и за суштинското унапредување на родовата еднаквост. Имено, според достапните податоци, во кампањата на новата градоначалничка беа отсутни наративите за унапредување на родовата еднаквост и позицијата

19 Неда Коруновска и др. (2015) „Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија". Скопје: Реактор- истражување во акција. Достапно на: https://bit.ly/3D36Xap

20 Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР - Република Северна Македонија – локални избори, втор круг - 31 октомври 2021г. Прелиминарни резултати. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/4/d/502807.pdf

21 Неда Коруновска и др. (2015) „Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија". Скопје: Реактор- истражување во акција. Достапно на: https://bit.ly/3D36Xap

22 Податоците се базирани на извори од порталот Сакам да Кажам достапни на: https://bit.ly/3vQJy9G и Државната изборна Комисија.

на жените[23]; напротив беше видливо кооптирање и искористување на родовите стереотипи за политичко поентирање.[24] Во програмата[25] на новата градоначалничка на Град Скопје пак се предвидуваат одредени активности од областа на економијата како поддршка на жените претприемачки, и од областа на социјалната заштита, каде се вклучени лицата со попреченост, старите лица и жените жртви на насилство. Иако е потребна подетална родова и буџетска анализа на овие планови, во самата програма овие заложби се набројани на недоволно јасен начин за нивната изводливост и спроведување, и без очигледно познавање на контекстот и потребите на овие (ранливи) категории на граѓани. Останува будно да се следи спроведувањето на програмата, како и да се оцени колку таа ќе придонесе кон унапредување на родовата еднаквост во главниот град.

## ПРИКАЗ НА БРОЈОТ НА ИЗБРАНИ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ПО РОД




23 ODIHR Election Observation Mission, Republic of North Macedonia – local elections, 17 October 2021. Statement of preliminary findings and conclusions preliminary conclusions. Available on: https://www.osce.org/files/f/documents/e/0/501259_1.pdf

24 Република. 27.10.2021. „Арсовска за Заев: Кога дојде до таму премиер да се плаши од жена, тогаш нека си размисли тој убаво и по понеделник нека си ја поднесе оставката." Последно пристапено на 2.11.2021. Достапно на: https://bit.ly/3nORc10

25 Даниела Арсовска. (2021) „Програма за модерно Скопје". Достапно на https://zaskopje.mk/index.php/3d-flip-book/program/

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Ова, препознатливо и континуирано сценарио, во македонската историја на локалните избори е директна последица на недостатокот на политичка волја на партиите да номинираат кандидатки од една страна, но и на законската поставеност и немањето квоти за изборните листи за припаднички на помалку застапениот пол, ниту пак какви било други квоти[26] кога станува збор за позициите за градоначалници. Истовремено, во државата не постојат ни финансиски мерки кои би ги мотивирале или санкционирале самите политички партии со цел да ја зголемат застапеноста на жените на своите кандидатски листи. Дополнително, економијата на родовиот јаз, опстојувачките родови стереотипи и родово-поделени улоги во општеството се фактори кои носат ризик од ограничување на можностите на жените да се вклучат во политичкиот живот или да се само-кандидираат и да водат политичка кампања.

Политичките партии[27] во своите предизборни кампањи ветуваат заложби за унапредување на родовата еднаквост во државата, но ретко прават видливи напори за остварување на тие заложби. Оттука се чини дека родовата еднаквост се користи од страна на голем дел од партиите како токен за остварување политички „поени", но не и за суштинска промена кон еднаквост, недискриминација и унапредување на статусот на жените во општеството.

Уште позагрижувачки, во овогодинешните кампањи за локалните избори, речиси целосно изостанаа прашања кои ја засегаат родовата еднаквост и положбата на жените во државата[28]. Напротив, јавноста беше скромно запознаена со еден случај на говор на мизогинија во јавна дебата одржана на телевизијата 24 каде кандидатот за градоначалник на општината Шуто Оризари, Ферат Асан, ја нападна кандидатката за советничка Фатима Османовска врз основа на тоа што е жена, упатувајќи ѝ јасна порака дека нејзиното место е во домот.[29] Овој случај воопшто не беше адресиран од ниту една политичка партија, туку само од женските здруженија и активистки. Дополнително, како што беше претходно посочено, кандидатката за градоначалник на Град Скопје, Даниела Арсовска, всушност ги користеше токму родовите стереотипи за да се пресмета со владејачката партија и да добие политичка предност. Сето ова упатува на еден важен аспект, а тоа е дека додека бројот на кандидирани жени е особено битен за унапредување

26 На пример квоти за загарантирани места за жени.

27 Како што се СДСМ со коалицијата, ВМРО-ДПМНЕ со коалицијата и ДОМ, кои во своите програми за парламентарните избори во 2020 година имаа ветувања и заложби за унапредување на родовата еднаквост во државата на сите нивоа, вклучително и на локално ниво.

28 ODIHR Election Observation Mission, Republic of North Macedonia – local elections, 17 October 2021. Statement of preliminary findings and conclusions preliminary conclusions. Available on: https://www.osce.org/files/f/documents/e/0/501259_1.pdf

29 ТВ 24. 8 октомври 2021. Видео запис. Дебата на кандидатите за општина Шуто Оризари. Достапно на: https://www.facebook.com/1303465021/videos/379271310596590/

на родовата еднаквост, репрезентативноста мора да биде придружена со суштинските заложби за трансформација.

Во целиот овој загрижувачки контекст, позитивно, за првпат во историјата на државата беше избрана градоначалничка на Град Скопје. Новата градоначалничка, поддржана од конзервативната опозициска партија, во својата програма се залага за родова еднаквост и одредено унапредување на жените во градот, но ваквите позиции се недоволно јасни и не се засновани на јавни родови анализи за потребите на жените и другите ранливи категории кои ги таргетира. Останува да се следи колку ваквите позиции и заложби ќе бидат вклучени во стратешките планови на Градот и навистина имплементирани.

# ПРЕПОРАКИ

## ЗА ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ

- Во иднина, од суштинска важност е да се смени Изборниот законик на Северна Македонија, во кој на сличен начин како за кандидатите на изборните листи за Парламентот и Советите на општините и Град Скопје, ќе бидат воведени квоти и за изборните листи за кандидатите за градоначалници. Дополнително, потребно е што побрзо усвојување на новиот Закон за работни односи, којшто, меѓу другите обврски, ќе предвидува споделено родителско отсуство за двајцата родители, што ќе им овозможи на жените позначајно и непрекинато учество во политичкиот живот и во работата на партиите во текот на целата своја кариера.

## ЗА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

- Државата треба да ја разгледа можноста и да предложи финансиски мерки за мотивација или санкција за политичките партии со цел да се зголеми застапеноста на кандидатките, како за градоначалнички така и на сите нивоа во изборните процеси во државата по принцип на 50-50 двојни квоти. Исто така, треба да се овозможи навремена и изработка без пречки на законите кои имаат потенцијал да ја унапредат родовата еднаквост во државата, како што се во моментот Законот за работни односи, Законот за родова еднаквост и Законот за заштита од вознемирување на работното место. Дополнително, по усвојувањето на ваквите закони, да се овозможи нивна непречена и доследна имплементација.

## ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

- Регрутирање на повеќе жени во партиите, при што е особено важно тоа да биде што порано во нивите кариери, имајќи го предвид родовиот јаз во балансирањето на професионалниот и приватниот живот и трудот на грижата кој најчесто паѓа на товар на жените. Понатаму, воведување на посебни мерки за извршните тела на сите нивоа и во сите организациски структури на партијата. Исто така, потребно е и да се обезбедат посебни можности за градење на капацитети за жените во политичките партии како и да се овозможи некаква форма на грижа за децата додека траат партиските состаноци и ангажмани, со цел да се олесни товарот врз жените и да се обезбедат подеднакви услови за учество. Конечно, кандидирање на што повеќе жени на изборите, со оглед на линеарната корелација меѓу бројот на кандидирани и избрани жени.

## ЗА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

- Будно следење на имплементацијата на законските одредби и на креирањето и имплементацијата на стратешките и буџетските документи за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Потребно е и заедничко застапување за промена на легислативата и практиките кои водат кон родова дискриминација и го спречуваат учеството на жените во политиката.